Estima
Knowledge Excellence.

KONRAD
ADENAUER
STIFTUNG

# **Со надеж за најдобро, подготвени за најлошо:** дали Република Северна Македонија е ранлива на економски притисок од Народна Република Кина?

Ана Крстиновска, Златко Симоновски и
Александра Давитковска-Спасовска



© Shutterstock

# Содржина

Резиме....3

„Оската кон Запад“ на Северна Македонија....3

Показни примери за економската принуда на Кина....5

Кинеско-македонски трговски односи....6

Кинески директни инвестиции....7

Инфраструктурни договори и заеми....9

Завршни размислувања....11

Референци....13

# Со надеж за најдобро, подготвени за најлошо: дали Република Северна Македонија е ранлива на економски притисок од Народна Република Кина?

*Од Естима*
*Автори: Ана Крстиновска, Златко Симоновски и Александра Давитковска-Спасовска*

## Резиме

Овој труд ги анализира ранливостите на Република Северна Македонија кон економскиот притисок од Народна Република Кина во три главни области: трговија, инвестиции и надворешен јавен долг. Се потпира на искуството на другите земји ширум светот, имено Литванија, Шведска, Јапонија и Австралија, за да се подигне свеста за економската принуда на Кина како алатка која ѝ овозможува на Кина да ја искористи својата економска предност против овие земји за да постигне политички цели, со различни исходи. Во тој контекст, ги испитува аспектите специфични за економските односи на Северна Македонија со Кина, со цел да ги означи потенцијалните „слаби точки“ на земјата. Заклучоците даваат широка скица за зависноста од Кина во секоја од трите испитани области.

Во однос на трговијата, Северна Македонија зависи од Кина за својот извоз на екстрактивни стоки и суровини, како и за увоз со повисока додадена вредност, како потрошен материјал, електроника, електрична опрема и машини. Во случај на потенцијален пад, ќе има краткорочен негативен ефект врз потрошувачите и среднорочен негативен ефект врз компаниите кои ги снабдуваат своите инпути од Кина. Потемелна анализа и напори за диверзификација би можеле да го олеснат товарот и да ги ублажат потенцијалните ризици. Кога станува збор за директните инвестиции, нема големи компании со кинеска сопственост во критичните сектори или меѓу водечките извозници во Кина, што подразбира комерцијална логика: секоја економска реперкусија што ги вклучува овие два економски оператора секако би имала непосреден ефект врз локалната економија, но во крајна линија исто толку ќе им наштети и на дотичните кинески компании. Во делот на инфраструктурата, јавниот долг на Северна Македонија кон Кина претставува мал дел од вкупниот надворешен долг и БДП на земјата. Сепак, договорот за заем, кој го следи кинескиот модел на договор, открива високо ниво на асиметрија, што прави на Северна Македонија да ѝ биде многу тешко да излезе од договорот кој во последните години стана обврска за нејзините јавни финансии и локалната економија.

## „Оската кон Запад“ на Северна Македонија

Во изминатите две децении македонските власти секогаш го опишуваа односот со Народна Република Кина (во натамошниот текст: Кина) како традиционално пријателски, без отворени прашања. Република Северна Македонија се придржуваше до Политиката „Една Кина“ и се стремеше максимално да ја искористи економската соработка, фокусирајќи се на зголемување на извозот, привлекување директни инвестиции и користење кинески средства за големи инфраструктурни проекти. Со оглед на актуелната глобална поларизација, повторуваните тензии меѓу Кина и САД, како и променливиот пристап на ЕУ кон Кина, земјите од регионот на Западен Балкан, вклучително и

Северна Македонија, сè повеќе се соочуваат со тешки политички избори.

Како сојузник на НАТО Северна Македонија е обврзана да се усогласи со позициите на НАТО, вклучително и за Кина. Додека во минатото Кина не беше на радарот на НАТО, од 2020 година – интересно е совпаѓањето со членството на Северна Македонија во Алијансата, Кина е истакнато присутна во сите нејзини стратешки документи. Извештајот НАТО 2030: Обединети за нова ера, ги нагласува едновремените геополитички и идеолошки предизвици кои доаѓаат од Русија и од Кина, предупредува на можноста и ризиците Кина да ги искористи политичките поделби меѓу сојузниците и се залага за зголемени ресурси и внимание што треба да се посвети.[1] Стратешкиот концепт на НАТО од 2022 година наведува дека Кина „ја користи својата економска потпора за да создаде стратешки зависности и да го зајакне своето влијание“ и предупредува на „продлабоченото стратешко партнерство меѓу Народна Република Кина и Руската Федерација и на нивните засилени меѓусебни обиди да го поткопаат меѓународниот поредок заснован на правила.“[2] Тековната војна во Украина само го зајакнува непријателството меѓу Кина и НАТО, бидејќи Кина го обвинува НАТО за поттикнување на војната, а НАТО ја обвинува Кина дека ја поддржува Русија, со што го продолжува конфликтот.[3]

Во контекст на процесот на пристапување во ЕУ, се очекува Северна Македонија да ја следи позицијата на ЕУ и да биде целосно усогласена со рестриктивните мерки усвоени во контекст на Заедничката надворешна и безбедносна политика на ЕУ. Во својата Стратешка перспектива за Кина од март 2019 година ЕУ ја означи Кина како партнер во преговорите, економски конкурент и системски ривал.[4] Во јули 2020 година ги усвои првите сајбер санкции насочени кон кинески ентитети, вклучувајќи две правни лица и две физички лица.[5] Една година подоцна, во март 2021 година, усвои санкции против четворица кинески претставници поради кршење на човековите права во Ксинџијанг.[6] Во последниве години и по голем број случаи на економска принуда ширум светот, клучниот збор на страната на ЕУ е деризикување, што има за цел да ја намали економската зависност од Кина во клучните сектори.

*Извор: Shutterstock*




Покрај тоа, имајќи стратешко партнерство со САД, Северна Македонија се приклучи кон иницијативата за чиста мрежа насочена кон небезбедни продавачи во телекомуникациската инфраструктура 5G, имплицитно *Huawei* – на незадоволство на Кина.[7] Исто така, значително го намали хиерархиското ниво на службениците кои присуствуваат на настани организирани од Кина, било да е тоа во контекст на иницијативата Појас и пат (БРИ), платформата за соработка Кина-ЦИЕ или само билатерални настани за одбележување на годишнини. Меморандумот за соработка во БРИ од 2015 година не е обновен, иако официјално престана да важи во 2020 година и покрај барањето на кинеската страна.

Иако реакциите на Кина на некои од горенаведените потези беа обични предупредувања, Македонија, во раните денови на нејзината независност, од прва рака беше сведок како би можеле да изгледаат последиците од несогласувањето со Кина. Имено, по признавањето на Тајван од страна на нашата земја во 1999 година, Кина одлучи да ги прекине дипломатските односи и да стави вето на продолжувањето на мировната мисија во земјата предводена од ОН. Со војната во Косово, во полн замав од другата страна на границата, овој потег овозможи прелевање на етничките тензии кои подоцна се претворија во внатрешен вооружен конфликт. Билатералните односи беа обновени во 2002 година кога претседателот Борис Трајковски ја посети Кина и со кинескиот

претседател, Џианг Земин, потпишаа заедничка изјава за билатералните односи во која се истакнува почитувањето на политиката на Една Кина од страна на Македонија.[8] Таа изјава е камен-темелник на билатералните односи до денес.

Со оглед на сегашната глобална неизвесност, тешко е да се предвидат сите предизвици за кинеско-македонските односи што може да се појават во иднина, тешките политички одлуки што можеби ќе треба да се донесат или насоките во кои би можела да се движи кинеската одмазда доколку во одреден момент одреди дека усогласувањето на Северна Македонија со „Западот“ ги загрозува нејзините суштински интереси. Во исто време, голем број примери ширум светот, од Шведска и Норвешка, до Литванија, Јапонија, Јужна Кореја и Австралија укажуваат на фактот дека во последниве години Кина сè повеќе прибегнува кон користење на своето економско влијание за постигнување политички цели. Оттука, овој труд има за цел **да придонесе кон политичката дебата за идните односи со Кина преку проценка на ранливоста на Северна Македонија на потенцијална кинеска економска принуда**. За таа цел, ќе ги испита:

- Состојбата на **билатералните трговски односи**, со фокус на стабилноста на синџирите на снабдување, клучните извозни и увозни артикли и алтернативниот пазар;
- **Кинеските инвестиции во клучни сектори и компании** со потенцијал да влијаат на трговијата, вработувањето или економијата во целина;
- Нивото на **надворешниот долг кон** Кина, особено насобран како резултат на заеми за инфраструктурни проекти.

## Показни примери за економската принуда на Кина

Еден од најблиските примери за економската принуда на Кина за Северна Македонија е случајот со **Литванија**. Дипломатскиот флерт меѓу официјалниот Вилнус и Тајпеј датира од 1998 година кога овие два града потпишаа меморандум за „збратимување на градовите“. Сепак, дипломатскиот радар почна интензивно да зуи од 2021 година кога литванската Влада одлучи дека негувањето поблиски односи со Тајван ќе биде корисно за земјата, особено кога станува збор за трговијата и бизнисот. Овој чекор доби зелено светло од литванскиот Парламент, а заедно со повлекувањето на Литванија од платформата за соработка Кина-ЦИЕ (т.н. 17+1),[9] сè беше подготвено за отворање на тајванското претставништво во Литванија во ноември истата година.[10] Џозеф Ву, тајванскиот министер за надворешни работи, потврди дека целосното име на соодветната канцеларија ќе биде *Тајванска претставничка канцеларија* (за разлика од сличните претставништва во други земји кои се означени како канцеларии на Тајпеј), што беше показател дека литванско-кинеските односи ќе се соочат со превирања. За возврат, Кина го повлече својот амбасадор од Вилнус и го протера литванскиот од Пекинг. Сепак, нејзината најжестока одмазда беше целосната забрана за увоз од Литванија, заедно со интензивен притисок врз странските производители да престанат да користат литвански компоненти.[11]

Оваа акција предизвика сериозно нарушување на литванско-кинеската трговска размена, но сериозно се одрази и на единствениот европски пазар. На пример, само во декември 2021 година податоците на кинеската царина покажаа пад од 91,4 отсто во пратките од Литванија.[12] Кина таргетираше сè што доаѓаше од оваа балтичка земја, вклучително и производи, услуги или компоненти што имаа какво било потекло или поврзаност со Литванија. Мерките ги погодија и литванските и другите компании од ЕУ. По забраната, германските компании укажаа дека „Произведено во Литванија“ ќе предизвика блокирање на нивните сопствени пратки во Кина, вклучително и автомобили што вклучуваат литвански компоненти. Еден од тие добавувачи, *Brolis Group*, компанија со седиште во Литванија, специјализирана за дизајн на чипови, микрооптика, како и целосен електрооптички систем за дизајнирање за различни апликации, мораше да го премести производствениот погон во Белгија за да избегне целосен колапс на извозот.[13] Покрај тоа, во декември 2021 година, германската *Continental AG*, еден од најголемите светски извозници на автомобилски делови, како и други компании во автомобилскиот и земјоделскиот сектор, информираше дека

кинеските власти вршеле сериозен притисок врз нив да престанат да користат компоненти направени во Литванија.[14] Имајќи предвид дека трговијата е ексклузивна надлежност на ЕУ, на почетокот на 2022 година Европската комисија започна спор во Светската трговска организација (СТО). Во јануари 2024 година го суспендираше панелот со цел да ја оцени и да ја подготви соодветната документација. Според процедурите на СТО, доколку спорот не продолжи до јануари 2025 година ќе се смета за официјално прекинат.[15]

Во 2023 година СТО беше амбиент за уште една жалба против Кина, овојпат поднесена од **Јапонија.** Имено, Кина воведе целосна забрана за јапонската морска храна по ослободувањето на пречистената вода од нуклеарната централа Фукушима, иако Меѓународната агенција за атомска енергија (МААЕ) уверуваше дека депонирањето не претставува ниту здравствен и ниту еколошки ризик.[16] Набљудувачите во регионот на Источна Азија истакнаа дека забраната има само политички мотив и се користи како точка на притисок имајќи ги предвид долготрајните територијални спорови меѓу двете земји, тензиите во Источното Кинеско Море и напорите на кинеските власти да ја зајакнат својата позиција на внатрешен план, во услови на предизвици за националната економија.[17] Сепак, за време на состанокот во ноември 2023 година јапонскиот премиер и кинескиот претседател се согласија да му дадат нова шанса на дијалогот и да го решат спорот билатерално.[18]

Од 2019 година **Шведска** се соочи со неофицијална забрана за трговија од Кина, откако му додели награда за човекови права на Гуи Минхаи, затворен кинески издавач и дисидент.[19] На почетокот на 2020 година беше воведена забрана за извоз на графит во Шведска, создавајќи им сериозни предизвици на производителите на батерии во Шведска, особено *Northvolt* – производител специјализиран за литиум-јонска технологија за електрични возила.[20] Според некои аналитичари, Кина со тој потег не барала само одмазда, туку и погоден начин да ја зајакне својата позиција на глобалниот пазар во производството на електрични возила (ЕВ). Пристапот заснован на вредности и критичкиот став на шведските власти за голем број прашања поврзани со Кина, исто така, се претворија во одговор и реакција *против* шведски компании. Имено, *H&M*, шведскиот гигант за малопродажба на облека, беше бојкотиран од кинеските потрошувачи и избришан од кинеските сајтови за е-трговија и социјалните мрежи откако даде изјава дека нема да користи памук произведен со присилна работа во Ксинџијанг.[21]

*Извор: Shutterstock*



Друга во низата земји погодени од кинеските трговски санкции беше **Австралија**. Во 2020 година Кина воведе забрана за увоз на јаглен од Австралија по серија несогласувања меѓу двете земји поврзани со изразените позиции на Австралија за *Huawei* како безбедносна грижа, за геноцидот на Ујгурите, како и за начинот на кој Кина се справи со пандемијата.[22] Забраната беше укината во 2023 година, и економистите од регионот пресметаа дека таа немала значително влијание врз австралиската економија, бидејќи земјата успеала да најде алтернативни пазари.[23]

## Кинеско-македонски трговски односи

Минатата година, при одбележувањето на јубилејот 30 години дипломатски односи меѓу Северна Македонија и Кина, Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија соопшти дека двете земји имаат

блиски и стабилни односи, со потенцијал да се интензивираат, особено во делот на трговијата.[24] Трговијата е една од главните точки во соработката и долгогодишен приоритет на македонската страна, особено во однос на зголемениот пристап до кинескиот пазар. Од 2020 година Кина е четврти трговски партнер на Северна Македонија. Меѓутоа, од 1993 година, последната година кога Северна Македонија имаше суфицит во трговската размена со Кина, дефицитот само се продлабочуваше и во 2023 година речиси достигна 1 милијарда американски долари.

Кога станува збор за извозот на стоки, според Државниот завод за статистика, Кина е позиционирана на 5. место меѓу првите 20 извозни партнери, додека најголема дестинација за македонските стоки се земјите од ЕУ, особено Германија, Грција, Бугарија,  како и Србија и Косово.[25] 2021 година е рекордна година со 183 милиони американски долари извоз во Кина, додека значително намалување е забележано во 2022 година кога се регистрирани само 58 милиони американски долари, што доведува до трговски сооднос од 1:17 во корист на Кина. Сепак, извозната динамика донекаде продолжи минатата година со 112 милиони долари, што укажува дека обемот на извозот не е константен, туку многу флуктуира во различни години. Во рекордната извозна 2021 година, феролегурите се најизвезувана стока во Кина со 64,9 %, потоа мермер, травертин и алабастер со 16,3 % и моторни возила, делови и додатоци со 5,8 %. Во критичната 2022 година можеме да забележиме целосно прерангирање на извозната листа. Имено, мермерот, травертинот и алабастерот сочинуваат 44,4 % од вкупниот извоз во Кина, моторните возила, деловите и додатоците се на второ место со 14,2 %, додека феролегурите бележат голем пад и се на трето место со 12,3 %.[26] Виното е единствениот земјоделски производ што успеа да направи пробив на кинескиот пазар, но, сепак, моментално учествува само со 1 % од вкупниот извоз.

Составот на извозот во бројки повеќе загрижува од трговскиот дефицит, бидејќи тоа значи дека Северна Македонија извезува во Кина претежно стоки со ниска додадена вредност, чија експлоатација предизвикува деградација на животната средина и носи мала корист за локалната економија. Некои години односот на екстрактивни материи и суровини надминува 80 – 90 % од вкупниот извоз во Кина.[27]

Од друга страна, ако се анализира портфолиото на македонскиот увоз, може да се види дека најголемиот дел од увезените стоки, по 2020 година, вклучуваат: памук, индустриски машини, полиетиленски влакна, ленти од стаклени влакна, челик, електроника, производи за широка потрошувачка (кикирики, конзервирани домати, млеко, винска, лимонска киселина), гуми за автобуси и камиони, иверица, камења за споменици и згради, керамички плочки, машини за климатизација, трицикли и скутери. Со оглед на односот цена-квалитет на кинеските стоки, куповната моќ на македонските граѓани, како и големината, капиталот и способноста на компаниите, главно мали и средни претпријатија, да купуваат инпути и да бидат конкурентни, кинескиот увоз значително придонесува за подобрување на квалитетот на животот и на работата на домашните компании.

## Кинески директни инвестиции

Кина останува маргинално важен инвеститор во Северна Македонија, далеку зад Австрија, Германија, Грција, Холандија и Обединетото Кралство како најголеми инвеститори кои сочинуваат околу 50 % од вкупниот обем.[28] Според македонската Народна банка, на крајот на 2022 година кинеските инвестициски текови изнесуваат 20,42 милиони американски долари, што претставува зголемување во однос на 2020 и 2021, години кои поради пандемијата беа предизвик за севкупниот глобален пазар.[29] Сепак, износот на кинеските инвестиции изнесува 2,6 % од вкупниот обем на инвестиции.

Најголемата кинеска инвестиција во последните две децении, иако индиректна, е купувањето на челичарницата „Макстил“ во 2016 година. Компанијата-мајка на „Макстил“, швајцарскиот гигант *Duferco International Trading Holding* (DITH), беше преземена со договор помеѓу *Hebei Iron and Steel* (HBIS) и *Duferco Participations Holding* (DPH) во 2014 година. Трансакцијата му овозможи на HBIS да стекне дополнителни 41 % од акциите за 400 милиони долари, добивајќи контролен удел во DITH од 51 %.[30]

*Табела 1: Кинески директни инвестиции (ДИ) во Северна Македонија, 2014 – 2022 година. Извор: Народна банка на Република Северна Македонија*

| Година | 2014 | 2015 | 2016 | 2017 | 2018 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Кинески ДИ (во мил.$) | -5,13 | 6,79 | 29,15 | 29,45 | 27,16 | 28,42 | -31,6 | -6,42 | 20,42 |
| Вкупни СДИ (во мил.$) | 272,45 | 245,86 | 372,99 | 199,83 | 725,31 | 443,64 | 226,77 | 551,87 | 779,98 |
| % од вкупните СДИ | -1,88 % | 2,76 % | 7,82 % | 14,74 % | 3,74 % | 6,41 % | -13,93 % | -1,16 % | 2,61 % |

Лоциран во Скопје, „Макстил“ има околу 1 000 вработени кои работат на две производствени локации – Челичарница и Валавница. Со нето-добивка зголемена за 27 % на годишно ниво за да достигне 19,1 милиони американски долари во 2022 година, оперативни приходи од 11,2 милијарди денари во 2022 година и зголемена извозна продажба од 57 %, компанијата е регионален лидер во секундарното производство на челик, добивајќи го својот челик главно од отпаден материјал. ЕУ е главната извозна дестинација на „Макстил“ со 51 % од вкупното производство, потоа Турција со 31,4 % и другите земји кои не се членки на ЕУ со 9,1 %.[31]

Друга значајна кинеска инвестиција во земјава е „Џојсон Сејфти Системс Македонија“ ДООЕЛ, лоцирана во Кичево. Оваа инвестиција беше, исто така, резултат на аквизиција од страна на странска компанија – *Key Safety Systems*, од *Ningbo Joyson Electronic Corp*. Објектот главно се занимава со производство на автомобилски делови – воздушни перничиња и појаси, со 1 426 вработени во слободната зона Кичево на почетокот на 2018 година, додека оваа бројка се предвидува да достигне до 2 000 лица.[32] Нема достапни податоци за добивката на „Џојсон Сејфти Системс Македонија“, иако според полугодишниот извештај на *Ningbo Joyson*, вкупната корпорација го пресметува почетниот биланс во 2022 година на 125 милиони американски долари.[33]

*Извор: Shutterstock*



Очигледно, Северна Македонија не е најатрактивната инвестициска дестинација за кинеските компании. Домашните економски фактори, недостатокот на атрактивна инвестициска понуда и интензивна политичка соработка, цврстиот став на Северна Македонија како западно ориентирана земја, членка на НАТО и земја која преговара за полноправно членство во ЕУ потенцијално претставуваат фактори кои одвраќаат  поинтензивно кинеско економско присуство затоа што наметнуваат одредени ограничувања до кои земјата треба да се придржува. Ова е особено видливо во светлината на остриот контраст со Србија, чие политичко раководство е подготвено да оди чекор потаму и да направи отстапки за Кина и кинеските компании, кои понекогаш ја оспоруваат економската логика, воспоставеното национално законодавство и изгледите на Србија за пристапување во ЕУ.[34]

## Инфраструктурни договори и заеми

Северна Македонија е членка на платформата за соработка Кина-ЦИЕ од нејзиното формирање во 2012 година. Платформата има за цел да ја поттикне меѓурегионалната соработка меѓу Кина и соодветните земји што се протега низ различни области, вклучувајќи економија и трговија, култура, образование, размена на млади, земјоделство, туризам, наука и технологија, здравство, размена на експерти и субнационална соработка. Таа, исто така, служи како авенија за канализирање на кинеските инфраструктурни заеми преку средства од 10 милијарди американски долари ставени на располагање на земјите од ЦИЕ. Северна Македонија беше првата земја што повлече средства од оваа кредитна линија за изградба на две автопатни делници.

Во тоа време еден од главните двигатели на македонските власти да преземат кинески долг беше фактот што проектот се сметаше за неостварлив и отфрлен од европските кредитори. Покрај тоа, принципите и правилата за подобност и спроведување на проекти финансирани со кинески заеми се многу флексибилни во споредба со правилата и механизмите на ЕУ. Имено, западните кредитори и донатори, претежно ЕУ, европските финансиски институции и повеќето „стари“ земји членки на ЕУ ја условуваат развојната помош со строги параметри поврзани со проектите и опипливи резултати и резултати во одредени реформи во различни области, како што е управувањето со јавните финансии, судството, борбата против корупцијата и реформите во јавната администрација. Условеноста на Кина, од друга страна, вклучува практикување на еквидистанца од внатрешните прашања на Кина, заедно со почитувањето на политиката на една Кина.[35] Во тој контекст, македонската влада го прифати „кинескиот начин“ на реализација на големи инфраструктурни проекти и избра кинески изведувач меѓу две однапред избрани компании преку преговори зад затворени врати. Иако овој *modus operandi* овозможи спроведувањето да започне брзо по потпишувањето на договорот, исто така, доведе до корупциски скандал на високо ниво.

Вреди да се напомене дека Северна Македонија имаше релативно позитивно искуство во однос на ефективноста и испораката на првиот заем и инфраструктурен проект финансиран од Кина, хидроцентралата „Козјак“ од *China International Water and Electric Corporation* (CWE) на почетокот на 2000-тите, и покрај одредени доцнења и промена на изведувачот на почетокот на проектот. Договорот за изградба на две автопатски делници во вкупна должина од околу 100 километри склучен во 2013 година, сепак, е друга приказна. Додека делницата Штип-Миладиновци беше завршена само со мало задоцнување и без поголеми контроверзи, изградбата на автопатот Кичево-Охрид не се одвиваше без проблеми и во согласност со предвидените рокови и суми, отворајќи сериозни прашања поврзани со планирањето, подготовката и реализацијата на проектот.

Изградбата, започната во мај 2014 година, се заснова на проектна документација стара неколку децении и изготвена според застарени и моментално инфериорни градежни стандарди.[36] Лошиот квалитет на процедурата за планирање и проектната документација, вклучително и недостатоците во геотехничките испитувања, експропријацијата и административните процедури, како и недоволната работна сила и опрема на терен, предизвикаа сериозно задоцнување од 5 години, бидејќи проектот првично требаше да биде завршен во 2019 година.[37] Во обид да се решат проблемите, во периодот 2018 – 2020 година, потпишани се пет анекси со „Синохидро“, кинеската договорна компанија за продолжување на роковите и за позајмување дополнителни средства од Експорт-импорт банката на Кина во износ од над 180 милиони евра.

Исто така, пресметките покажуваат дека досега се потрошени 421 милион евра од вкупно планираните 598 милиони евра, иако првичната сума за проектот беше 374 милиони евра.[38] Имајќи ги предвид неодамнешните свлечишта кои се случија на веќе изградените делови од автопатот, проектот се чини дека не е ни блиску до завршување.[39] Вкупниот надворешен јавен долг кон Кина изнесува 478,6 милиони евра, што е 8,7 % од вкупниот надворешен јавен долг и 3 % од БДП на земјата.[40] Иако условите за заемот се доста конкурентни и поволни, со 2 % фиксна каматна стапка и 20-годишна отплата што вклучува 5-годишен грејс-период, договорите за

заем склучени со кинеската EXIM банка содржат одредби што ги ставаат земјите приматели во инфериорна положба.[41] Имено, според договорите, Кина, преку својата политичка банка, има право:[42]

› Да донесе кинеска работна сила во обем до 49 % и кинески градежни материјали во обем до 51 % од вредноста на договорот;

› Да ужива целосно ослободување од ДДВ, царина и акцизи;

› Еднострано да го суспендира договорот, да го откаже заемот и да побара итна отплата во широк опсег на околности;

› Да донесе одлука за откажување на неискористените средства или во случаи на претплата или реструктуирање;

› Да побара доверливост и да му наметне на заемопримачот да не открива никакви информации на трети лица, освен ако поинаку не се налага со важечки закон, што е доста двосмислено;

› Да ја користи арбитражата на Кинеската меѓународна економска и трговска арбитражна комисија во Пекинг, додека применливото законодавство е кинескиот закон, што претставува голема асиметрија меѓу страните.

Покрај тоа, заемопримачот се откажува од секаков имунитет, суверен или друг, за себе или за својот имот, што понекогаш се толкува како можност Кина да побара конфискација на суверено земјиште во случај на неисполнување на обврските. Оваа опција во пракса е тешко да

*Извор: vlada.mk*



се спроведе и истакнати научници ја соголија таканаречената „кинеска должничка стапица“.[43] Во случајот на Црна Гора како доста сличен на Северна Македонија, Кина покажа попустливост кога доцнеа ратите и дозволи репрограмирање на долгот во контекст на двата заеми (за купување комерцијални бродови и за изградба на автопат). Сепак, дури и без експлицитна намера на кинеската страна да конфискува суверено земјиште, договорите се доволно асиметрични што ѝ отежнуваат на Северна Македонија да се „ослободи“, и покрај очигледниот факт дека испораката на проектот за делницата Кичево-Охрид ги надмина сите разумни рокови и со огромни пречекорувања на трошоците.

Исто така, вреди да се спомене дека, и покрај неуспехот на проектот за автопатот Кичево-Охрид, Кина не само што сè уште е позитивно перципирана во јавноста, туку се чини дека позитивните перцепции се во пораст во последните години.[44]

*Табела 2: Процент на граѓани кои веруваат дека интересите на Северна Македонија најдобро се служат со одржување силни односи со Кина. Извор: Меѓународен републикански институт*

| | Авг 2017 | Јули 2018 | Фев 2020 | Март 2021 | Ноем 2021 | Окт 2022 | Мај 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Процентот на интервјуирани кои одговориле со „се согласувам“ или „силно се согласувам“ заедно** | 52 | 58 | 53 | 59 | 64 | 65 | 63 |

## Завршни размислувања

(Меѓу)зависноста на Северна Македонија од Кина е видлива во сите три области што се разгледуваат во овој труд – трговија, инвестиции и инфраструктурни заеми. Кина досега ја нема искористено како „оружје“ оваа (меѓу)зависност на начинот на кој го користеше својот економски притисок во земји како Литванија, Шведска, Јапонија или Австралија. Причината лежи во граничното балансирање на националните власти кои досега ги почитуваа своите заложби кон западните партнери без да ги преминат кинеските црвени линии. Сепак, тоа не значи дека трансакцискиот пристап на Кина воопшто не е во игра, бидејќи во изминатите неколку години таа правеше обиди да ги „награди“ со инвестиции земјите со попријателски ставови, имено Србија, а не Северна Македонија како земја со помалку пријателски врски со Кина. Ова, во комбинација со ограничената привлечност на Северна Македонија за Кина и нејзините компании воопшто – поради нејзината големина, пазар, инвестициска понуда и ниска регионална важност, резултираше со ограничени изгледи за соработка или унапредување на националните економски интереси на македонската страна во смисла на зголемен извоз во или комерцијални инвестиции од Кина.

Меѓутоа, самиот факт што Северна Македонија е земја на НАТО и е на пат да се приклучи кон ЕУ, со значителни привилегии во однос на пристапот до единствениот пазар на ЕУ, има значајна важност бидејќи обезбедува дополнителен канал за Кина да ја разбере динамиката во овие две организации и да научи како може потенцијално да изврши влијание, иако моментално на доста неформален начин, преку интеракции со поединци, институции, организации и компании. Веќе имаме случаи кога земја од НАТО или ЕУ одржува блиско партнерство со Кина, како што е Унгарија во моментот, проектирајќи ја својата домашна агенда и индиректното кинеско влијание на масата за одлучување на ЕУ или НАТО. Понатаму, Кина нема потреба да мобилизира значителни ресурси за да обезбеди постојано присуство или зголемено влијание во Северна Македонија. Може да си дозволи да усвои опортунистички став „почекај и види“, предвидувајќи потенцијална промена во политиката во некој иден изборен циклус и поповолен амбиент за нејзините активности. За таа цел, таа веќе успеа да го прошири своето присуство и влијание меѓу пошироката јавност, што се гледа преку зголемувањето на поволните ставови кон Кина во последните анкети.

Покрај тоа, Кина има на располагање и економски адути кои би можела да ги искористи во случај на политички последици. Доколку одлучи да го забрани извозот на македонски производи, тоа би предизвикало само мала непријатност со оглед на тоа што целокупниот производствен аутпут на македонски екстракти и суровини придонесува да засити само мал дел од кинеската жед за овие производи. Од друга страна, македонските компании извесно време би се мачеле да најдат нови купувачи, особено за вино и феролегури. Кога станува збор за увозот од Кина, опсегот на увезени производи е многу разновиден, но за повеќето од нив Кина не е единствениот светски производител или извозник. Оттука, во случај на некакво извозно ембарго од Кина во Северна Македонија, замена за стоката за широка потрошувачка треба да се бара на алтернативни пазари како Европа и регионот на Западен Балкан, Турција, Јужна Кореја, Северна Африка и Индија, или со зголемување на домашното производство. Иако на краток рок сигурно ќе бидат засегнати пазарните и потрошувачките цени, долгорочно тоа нема да има сериозно влијание. Исклучок од ова може да бидат бизнисите на кои ќе им треба поддршка за да ги преориентираат синџирите на снабдување и да купат поскапи суровини, опрема и машини на друго место. Во овој контекст, треба да се направи сеопфатна и детална анализа од страна на релевантните органи и стопанските комори за да се идентификуваат опциите за диверзификација на синџирите на снабдување и пазарите.

Кога станува збор за инвестиции, двете главни кинески инвестиции во земјава се водени од комерцијална, а не од политичка логика. Покрај тоа, тие не извезуваат во Кина, туку на европските и регионалните пазари каде што се стремат да го наметнат своето присуство, што го ограничува потенцијалот за економска принуда. Двете компании се значајни работодавачи, извозници, даночни обврзници и двигатели на локалните економии во соодветните региони (Скопје и Кичево). „Хестил“ (*Hesteel*)

е претпријатие во државна сопственост, кое обезбедува зголемена основа за контрола и влијание од страна на кинеските државни власти и кинеската комунистичка партија.

Во однос на финансирањето со заеми и јавниот долг кон Кина, Северна Македонија е доста изложена и ранлива на кинеското влијание. Меѓутоа, ова не е директно поврзано со таканаречената „должничка замка“ или со способноста на земјата да го отплати заемот. Додека вкупниот јавен долг достигна невидени нивоа, надвор од одржливите 60 % од БДП, надворешниот долг кон Кина не е главната причина што го поттикнува долгот и во овој момент отплатата не се смета за многу проблематична од гледна точка на финансискиот капацитет на Северна Македонија. Кина не е насочена кон тоа да го искористи заемот за да создаде финансиски тешкотии за земјите приматели со цел да изнуди земјишни концесии, под услов билатералните односи да бидат пријателски.

Главната политичка придобивка за Кина во големите инфраструктурни заеми е зависноста во однос на надворешната политика и одлучувањето на земјите приматели vis-à-vis неа.[45] Во таа смисла, Северна Македонија не е исклучок кога станува збор за стандардниот модел на кинески договори за заем. Проектот за изградба на автопат ја поврзува Северна Македонија со Кина на асиметричен начин, така што на Кина ѝ дава значителна надмоќ во билатералните односи. На многу нејасен начин содржи клаузули за условите во кои Кина би можела еднострано да го раскине договорот, на кои би можела Кина произволно да се повика доколку одлучи да го стори тоа од политичка причина. Ваквите клаузули би можеле да послужат како моќна алатка за Кина да ги заштити сопствените интереси и да ја спречи Северна Македонија да заземе позиција драстично различна од кинескиот официјален став за чувствителните прашања (на пр., Ксинџијанг, Тибет, Хонгконг, Тајван итн.).  Оттука, додека отплатата на заемот во непроблематични времиња не треба да биде причина за главоболка, самата негова  економска природа би можела потенцијално да се политизира и да ја доведе земјата во тешка економска состојба доколку Северна Македонија почне „лошо да се однесува“.

*Извор: Shutterstock*



## Референци


1 НАТО 2030: Обединети за нова ера, анализа и препорака на Групата за рефлексија размислување назначена од Генералниот секретар на НАТО, ноември 2020 година. Достапно на: https://www.nato.int/nato_static_fl2014/assets/pdf/2020/12/pdf/201201-Reflection-Group-Final-Report-Uni.pdf

2 Стратешки концепт НАТО 2022, стр.5. Достапно на: https://www.nato.int/nato_static_fl2014/assets/pdf/2022/6/pdf/290622-strategic-concept.pdf

3 Бермингем, Ф. Водачите на НАТО ја критикуваат Кина за врските со Русија и за заканите кон Тајван со најстрог укор до сега. South China Morning Post. јули 2023. Достапно на: https://www.scmp.com/news/china/article/3227364/nato-leaders-slam-china-russia-ties-and-taiwan-threats-sternest-rebuke-date

4 Придонесот на Европската комисија и а ВП/ПП во Европскиот совет: ЕУ-Кина – Стратешка перспектива, март 2019 година, достапно на: https://commission.europa.eu/system/files/2019-03/communication-eu-china-a-strategic-outlook.pdf

5 Одлука на Советот (ЗНБП) 2020/1127. Достапно на: https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/HTML/?uri=CELEX:32020D1127&from=EN

6 Емот, Р. ЕУ ги продолжува санкциите за човекови права, вклучително и за кинеските претставници. Ројтерс. ноември 2019. Достапно на: https://www.reuters.com/world/eu-extends-human-rights-sanctions-including-chinese-officials-2021-11-24/

7 Кина не претставува „системски предизвик" за никого, но цврсто ќе ги штити своите интереси. Коментари на кинеската Амбасада во Скопје по повод самитот на НАТО во јуни 2021 година. Нова Македонија. https://novamakedonija.com.mk/makedonija/politika/%D0%BA%D0%B8%D0%BD%D0%B0-%D0%BD%D0%B5-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D1%82%D1%81%D1%82%D0%B0%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0-%D1%81%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B5%D0%BC%D1%81%D0%BA%D0%B8-%D0%BF%D1%80%D0%B5%D0%B4%D0%B8/

8 Министерство за надворешни работи на НР Кина. Претседателот Џианг Земин разговараше со македонскиот претседател. Мај 2002. Достапно на: https://www.fmprc.gov.cn/eng/gjhdq_665435/3265_665445/3200_664650/3202_664654/200204/t20020428_577674.html

9 Тајван ќе отвори де факто амбасада во Литванија под свое име, што предизвика укор од Кина. Euronews и AFP. 2021. Достапно на: https://www.euronews.com/2021/07/20/taiwan-to-open-de-facto-embassy-in-lithuania-under-own-name-prompting-rebuke-from-china

10 Секретаријат на градската управа на Тајпеј.: https://english.sec.gov.taipei/cp.aspx?n=2789B64DFDD8B838

11 Бермингем, Ф. Литванскиот извоз речиси беше избришан од кинескиот пазар поради расправијата околу Тајван. South China morning post. Јануари, 2022. Достапно на: https://www.scmp.com/?module=masthead&pgtype=article

12 Ибид.

13 Милн, Р., Хиле, К. Литванија ја тестира решителноста на ЕУ во однос на кинеската економска принуда. Financial Times. Февруари 2022. Достапно на: https://www.ft.com/content/77adb343-6196-4d66-af84-995c05db7b6c

14 Ситас, А., О'Донел, Ј. Кина го притиска германскиот Continental да ја отсече Литванија - извори. Ројтерс. декември 2021. Достапно на: https://www.reuters.com/world/china/exclusive-china-asks-germanys-continental-cut-out-lithuania-sources-2021-12-17/\

15 Гијс, Ц. ЕУ го суспендира спорот на СТО против трговските ограничувања на Кина со Литванија. Politico. Јануари 2024. Достапно на: https://www.politico.eu/article/european-union-china-world-trade-organization-dispute-lithuania/#:~:text=The%20European%20Union%20suspended%20its,suspend%20its%20proceedings%22%-20with%20China

16 МсКари, Џ., Дејвидсон, Х. Кина ја забрани јапонската морска храна по испуштањето на отпадните води од Фукушима. The Guardian. Август 2023. Достапно на: https://www.theguardian.com/environment/2023/aug/24/japan-begins-releasing-fukushima-wastewater-into-pacific-ocean

17 Колнаги, В. Б .Забраната на јапонската морска храна ги сигнализира сомнителните доблести на Кина - анализа. Euroasia news. Октомври 2023. Достапно на: https://www.eurasiareview.com/25102023-japanese-seafood-ban-signals-chinas-shady-virtues-analysis/

18 Рејнолдс, И., Хирокава, Т.Кина и Јапонија се согласија да се обидат да го решат спорот за водата од Фукушима преку дијалог. Time. Ноември 2023. Достапно на: https://time.com/6336621/china-japan-xi-kishida-fukushima-water-resolution/

19 Кина ги откажа службените патувања во Шведска по наградата за дисидент. Aljazeera. Декември 2019. Достапно на: https://www.aljazeera.com/news/2019/12/20/china-cancels-sweden-business-trips-after-prize-for-dissident

20 Зошто Кина го блокира извозот на графит во Шведска? The Economist. Јуни 2023. Достапно на: https://www.economist.com/business/2023/06/22/why-is-china-blocking-graphite-exports-to-sweden

21 Саито, Ј. и сор. Кина го откажа H&M. Секој друг бренд треба да разбере зошто. Bloomberg News. Март 2022. Достапно на: https://www.bloomberg.com/graphics/2022-china-canceled-hm/

22 Расел, К. Живеј и не учи. Лекцијата од неуспешните кинески забрани за трговија со Австралија. Reuters. Август 2023. Достапно на: https://www.reuters.com/markets/commodities/live-dont-learn-lesson-chinas-failed-australia-trade-bans-russell-2023-08-07/

23 Ibid.

24 Николиќ, Н. Триесет години дипломатски односи меѓу Северна Македонија и Кина. Македонска информативна агенција. Март 2023. Достапно на: https://24.mk/details/

trieset-godini-od-diplomatskite-odnosi-pome-u-severna-makedonija-i-kina

25 Државен завод за статистика на Република Северна Македонија. Надворешна трговија 2023. Достапно на: https://www.stat.gov.mk/pdf/2024/7.1.24.02_mk.pdf

26 Опсерваторија на економска сложеност. Кина-Северна Македонија. Достапно на: https://oec.world/en/profile/bilateral-country/chn/partner/mkd

27 Крстиновска А., Вуксановиќ В.: „Нешто добиј, нешто изгуби“: Вклучувањето на Кина во индустриите за екстракција и суровини во Западен Балкан. ИЗБОР – Набљудувачи на Кина во Централна и Источна Европа. Здружение за меѓународни односи. Прага. јуни 2023. Достапно на: https://chinaobservers.eu/win-some-lose-some-chinas-involvement-in-the-extractive-and-raw-materials-industries-in-the-western-balkans/

28 Народна банка на Република Северна Македонија. Директни инвестиции – Обем. Достапно на: https://www.nbrm.mk/direktni_investicii_sostojbi.nspx

29 Народна банка на Република Северна Македонија, достапно на: https://nbstat.nbrm.mk/pxweb/mk/Eksterni%20statistiki/Eksterni%20statistiki__Direktni%20investicii__Direktni%20investicii%20-%20Dvizenja/4_DIRMPoZemjiGodisniMK.px/

30 Крстиновска А., Вуксановиќ В., оп.цит.

31 Петрушевска, Д. Н. Нето добивката на Макстил на Македонија порасна за 27 % на годишно ниво во 2022 година SEE News. Март 2023. Достапно на: https://seenews.com/news/n-macedonias-makstil-net-profit-up-27-yy-in-2022-817481

32 Производство на автомобилски компоненти во Северна Македонија. The South Eastern Europe Industrial Magazine, јули, 2021. Достапно на: https://www.see-industry.com/en/automotive-components-production-in-north-macedonia/2/2010/

33 Ningbo Joyson Electronic Corp.  Полугодишен извештај за 2022 година. Достапно на: https://www.joyson.cn/en/web/bocupload/2022/09/30/1664508192408iitk8.pdf

34 Владисављев, С. Кина и Србија стратешки инвестиции? Белградски фонд за политичка извонредност. 2022. Достапно на: https://bfpe.org/wp-content/uploads/2022/03/Kina-i-Srbija-Strates%CC%8Cke-investicije.pdf

35 Крстиновска А. Од следач на правила до поставувач на правила: Променетата глобална улога на Кина и нејзините импликации за Западен Балкан. Фондација Конрад Аденауер. Скопје. 2021. Достапно на: https://www.kas.de/en/web/nordmazedonien/single-title/-/content/from-rule-taker-to-rule-shaper-3

36 Интервју со висок државен службеник во Министерството за транспорт.2021.

37 Државен завод за ревизија. Автопатот Кичево-Охрид, најголемата инфраструктурна инвестиција со една деценија градба. Февруари 2024. Достапно на: https://dzr.mk/mk/240208-avtopatot-kichevo-okhrid-najgolema-infrastrukturna-investicija-so-deceniska-izgradba

38 Владата подготвува уште еден анекс на договорот со „Синохидро“ за продолжување на рокот за изградба на автопатот Кичево-Охрид. 360 степени. Достапно на: https://360stepeni.mk/vladata-podgotvuva-ushte-eden-aneks-na-dogovorot-so-sinohidro-za-prodolzhuvane-na-rokot-za-izgradba-na-avtopatot-kichevo-ohrid/

39 Цели ридови со 11 одрони паднаа на автопатот Кичево-Охрид, кој нема да биде готов ниту годинава. А1, Економија, јануари 2024 година, достапно на: https://a1on.mk/economy/celi-ridovi-so-11-svlechishta-padnale-vrz-avtopatot-kichevo-ohrid-koj-nema-da-bide-gotov-nitu-godinava/

40 Министерство за финансии, одговор на барање за информации од јавен карактер. Март 2024 година.

41 Крстиновска А.: Помошта на Кина во Западен Балкан: Поддршка на развојот, поткопување на доброто владеење, 2022 година, достапно на: https://chinaobservers.eu/chinas-aid-in-the-western-balkans-supporting-development-undermining-good-governance/

42 Авторите побараа копија од договорот за заем од Јавното претпријатие за државни патишта како потписник, во постапка во согласност со слободата на пристап до информации од јавен карактер. Јавното претпријатие не достави копија од договорот и покрај постојаното барање и нè упати на „Службен весник“ каде што договорот за заем не е објавен. Значи, заклучоците извлечени овде се засноваат на 11 договори за заем склучени од страна на Кинеската увозна и извозна банка и српските (10) и црногорските (1) власти помеѓу 2010 и 2019 година, достапни во базата на податоци на AidData овде https://www.aiddata.org/how - china-lends. Договорите се речиси идентични, што укажува на голема веројатност дека станува збор за модел на договор што го користат и го потпишале и македонските власти.

43 Браутигам, Д., Ритмир, М. Кинеската должничка стапица е мит. The Atlantic. Февруари 2021. Достапно на https://www.theatlantic.com/international/archive/2021/02/china-debt-trap-diplomacy/617953/

44 Споредба на годишните истражувања на јавното мислење спроведени од Меѓународниот републикански институт.

45 Крстиновска А. Развојната помош на Кина за Западен Балкан и нејзиното влијание врз демократското владеење и донесувањето одлуки. Journal of Liberty and International Affairs. 2022. Достапно на: https://e-jlia.com/index.php/jlia/article/view/485/279

## Импресум

**Наслов**
Со надеж за најдобро, подготвени за најлошо: Дали Република Северна Македонија е ранлива на економски пристисок од Народна Република Кина?

**Издавачи**
Фондација Конрад Аденауер во Република Северна Македонија
Здружение за развој на стратегии, истражување, едукација и промоција на меѓународни вредности ЕСТИМА

**Автори**
д-р Ана Крстиновска
Златко Симоновски
Александра Давитковска-Спасовска

**Координација**
Даниел Браун
Даниела Поповска

**Превод од англиски јазик**
Огнена Никуљски

**Јазична редакција**
Ивана Коцевска

**Графичка подготовка и дизајн**
Арс Ламина

**Публикацијата можете бесплатно да се преземе од**
https://www.kas.de/en/web/nordmazedonien/publications
https://estima.mk/publications

**Напомена**
Фондацијата Конрад Аденауер не сноси одговорност за фактите и ставовите изнесени во публикацијата. Тие претставуваат лични гледишта на авторите.
Оваа публикација служи само за информативни цели. Таа не смее да се употребува во рамки на изборни кампањи.

**Скопје, 2024 год.**